Учениците од (IV – VI) одделение добиваат описно известување за успехот на крај на првото и второто тримесечје и на крајот на првото полугодие, а на крај на учебната година добиваат свидетелство со бројчани оценки .

Во третиот период од (VII – IX) одделение постигањето на учениците во текот на учебната година по задолжителните и изборните предмети се оценуваат бројчано.

Секој наставник изготвува план за писмено оценување на учениците од (II – IX) одделение во своите тематски и процесни планирања и истото го запишува во дневникот на паралелката, имајќи ги предвид законските ограничувања (дневно најмногу едно, а седмично по две писмени работи).

Формативното оценување трае континуирано во текот на целата учебна година каде се следи напредокот на ученички знаења и се даваат повратни информации за истиот, а сумативното оценување се реализира на на крај на квалификациооните периоди во текот на учебната година (прво и второ тримесечие и крај на прво полугодие и крај на учебната година)

**Цели:**
-да им се помогне на наставниците во долгорочното и краткорочното планирање на оценувањето;
-да се изготвуваат квалитетни инструменти за оценување;
-да се имплементира формативното оценување во процесот на оценување;
-да се имплементира сумативното оценување во процесот на оценување;
-да се следи процесот на учење и оценување.

16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Членови на тимот:

Марија Трошевска
Светлана Талевска
Андријана Петровска
Снежана Митевска

Процедура за жалба

1) Годишните оценки одделенскиот, односно раководителот на паралелката на родителите ги соопштува на родителска средба која се одржува три дена по денот на одржувањето на наставничкиот совет на кој се утврдуваат годишните оценки на учениците.
2) Ако ученикот или родителот не е задоволен од годишна оценка, родителот има право, во рок од три дена од денот на соопштувањето на успехот, да поднесе писмен приговор до наставничкиот совет на училиштето, кој треба да биде образложен.
3) Наставничкиот совет по приговорот решава наредниот ден од денот на истекот на рокот. Наставничкиот совет може приговорот да го уважи, да го одбие или да организира повторна проверка на знаењата на ученикот.
4) За повторна проверка на знаењето директорот, најдоцна во рок од пет дена од денот на приемот на приговорот, формира комисија за повторна проверка на знаењето.
5) Комисијата е составена од претседател и два члена-испитувачи.
6) Претседателот на комисијата, по правило, е одделенскиот раководител, односно раководителот на паралелката во која ученикот учи, а за членови-испитувачи се именуваат наставници по предметот по кој се врши проверувањето на знаењето од редот на наставниците од училиштето или од друго основно училиште.
7) Претседател и член-испитувач на комисијата не може да биде наставникот кој ја утврдил оценката.
8) Оценката на комисијата е конечна.

16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

| **Активност** | **Време** |
|---|---|
| Соработка со наставниците при изготвување на Годишните, тематските и дневните планирања | **Јуни – септември** |
| Увид во планирањата на наставниците | **Септември – октомври** |
| Посета на наставни часови | **Ноември, март, мај** |

Инструмент за посета на час :

Основно училиште ____________________________ место________________
Година_________паралелка_________
насока/струка______________________________
Наставен предмет_____________________________
Наставник____________________
дата на следење______________________________

I. УПОТРЕБА НА ФОРМИТЕ НА НАСТАВНА РАБОТА

1. Фронтална форма на наставна работа
2. Индивидуална форма на работа
3. Работа во парови
4. Работа во групи

II. УПОТРЕБА НА МЕТОДИТЕ НА НАСТАВНА РАБОТА

1. Метода на разговор (дијалошка)
2. Метод на усно излагање (монолошка)
3. Метод на работа со помош на текст (текстуална)
4. Илустративен метод
5. Практични и лабораториски вежби
6. Метод на демонстрација
7. Метод на решавање на проблеми (проблем-ситуации)
8. Метод на игри, тимови и натпревари

III.УПОТРЕБА НА НАСТАВНИ СРЕДСТВА И ПОМАГАЛА

1. Графоскоп
2. ТВ и проекција на филмови
3. Аудио ленти, CD и сл (аудио рекордер и плеер)

4. Презентации и филмски прикази на ДВД
5. Компјутер
6. Лаптоп
7. Проектор, проекционо платно
8. Power Point презентации
9. Табла
10. Креда
11. Цртежи, слики и илустрации
12. Фотографии
13. Скици и модели
14. Макети и апликации
15. Наставни ливчиња
16. Флип чартови
17. Работни листови

IV.МЕТОДСКА АРТИКУЛАЦИЈА, ПОСТАВЕНОСТ И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДЕЛОВИТЕ НА ЧАСОТ

Воведен дел на часот

1. АКТИВНОСТИ НА НАСТАВНИКОТ:

- Класично се надоврзува на новиот наставен час (предава пред класот)
- Демонстрира и презентира пред целиот клас
- Ги води дискусиите на учениците, но ја има главната улога на часот
- Учениците ја имаат главната улога на часот, а наставникот само ги насочува во нивните размислувања и активности
- Ја набљува дискусијата на учениците во групи
- Ја следи и контролира индивидуалната работа на секој ученик
- Им помага на учениците во нивните експерименти, проекти и работни активности

Главен дел на часот

1. АКТИВНОСТИ НА НАСТАВНИКОТ:

- Класично предава (екс катедра)
- Демонстрира пред целиот клас
- Ја има главната улога како водач на часот, но ги насочува и слуша дискусиите на учениците
- Ја набљудува работата на учениците во групи
- Ја контролира и набљудува индивидуалната работа на учениците
- Учениците се главни „ актери “на часот, а наставникот само ја контролира нивната работа

- Им помага на учениците во нивните групни работи (менторира на експерименти, проекти и други работни активности)

2. АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ:

- Слушаат и забележуваат на часот
- Набљудуваат демонстрации
- Се ангажираат и дискутираат во текот на часот
- Учествуваат во групните дискусии со наставникот
- Извршуваат лабораториски работи или работи на терен (експериментални или рачни работи)
- Читаат во себе
- Читаат и раскажуваат на глас
- Пишуваат есеи или извештаи
- Прават презентации пред класот
- Работат на домашни задачи
- Образложуваат сопствени проекти
- Работат писмени вежби поврзани со темата
- Класично ги изложуваат или повторуваат наставните единици
- Работат и размислуваат на проблем-ситуации
- Идеите ги искажуваат преку групни дискусии или дебати
- Решаваат тестови назнаење или играат квиз-натпревари на наставниот материјал
- Употребуваат само готови податоци или понудени алтернативни решенија

Завршен дел од часот

1. АКТИВНОСТИ НА НАСТАВНИКОТ:

- Класично предава или повторува пред класот
- Демонстрира пред целиот клас
- Ги води дискусиите на учениците, при што ја има главната улога на часот
- Ги слуша, насочува или контролира учениците кои се главни „ актери “во овој дел од часот
- Ја набљудува работата на учениците во групи
- Ја контролира индивидуалната работа на секој ученик посебно
- Им помага на учениците во нивните индивидуални трудови, проекти и други работни активности

НАСТАВНИКОТ НА ЧАСОТ:

- Има оперативен план за час (дневно планирање за наставата)

- Дневната подготовка е во согласност со тематското планирање на наставата, односно со наставниот план и програма
- Работи според наставен план и програма
- Предава на висок стил и тешко разбирлив начин
- Предава на разбирлив и јасен начин
- Има добра комуникација со учениците
- Има слаба комуникација
- Работи само со неколку ученици од класот
- Работи и ги активира сите ученици од класот
- Нема никаква комуникација и соработка со учениците
- Им помага и дава поддршка во текот на часот
- Често подвикнува, ги плаши или укорува учениците
- Често ги мотивира и поттикнува на работа
- Создава позитивна клима за работа
- Има строго професионален однос кон учениците
- Има пријателски, но коректен однос кон учениците
- Има работна клима и дисциплина во текот на часот
- Часот го започнува на време
    - Временски се реализирани сите делови на часот и целосно е запазена методската поставеност и содржинската артикулација во текот на часот.

Евалуација на часот и констатации од реализираниот час:
_______________________________________________
_______________________________________________
_______________________________________________
_______________________________________________

16.4. Самоевалуација на училиштето

**Тим за самоевалуација**

1. Марија Велевска – стручен соработник -психолог
2. Билјана Митревска – стручен соработник – библиотекар
3. Магдалена Стојановска – предметен наставник
4. Неџибе Шерифоска – одделенски наставник
5. Марија Трошевска – од Совет на родители

| **Активност** | **Време** |
|---|---|
| **Подготовка за самоевалуација** | **Мај-јуни** |
| **Изготвување на самоевалуација** | **Август - септември** |
| **Доставување Извештај** | **септември** |

## 17. Безбедност во училиштето

## 18. Грижа за здравјето

### 18.1. Хигиена во училиштето

За здрава и чиста работна средина се грижат сите учесници во училишниот живот. Техничкиот персонал редовно ги извршува работните задачи така што хигиената во училиштето е на завидно ниво. Во текот на целата година се води грижа да е исправна и да функционира санитарната опрема во тоалетите. Сите тоалети и санитарии редовно се дезинфицираат со дезинфекциони средства.Во тоалетите редовно има тоалетна хартија течен сапун. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат санитарните простории, да ја одржуваат личната и колективната хигиена. Ходниците се чистат два-три пати во денот, училниците редовно се метат, се брише подот,се отстранува отпадот и се проветрува. Мебелот во училниците и канцелариските простории се брише секојдневно.
училишниот двор се одржува тековно чист, со поставени корпи за отпад. Со цел за чиста и здрава работна средина училиштето спроведува интерни работни акции за средување на работниот простор и училишниот двор.

### 18.2. Систематски прегледи

Систематските прегледи се задолжителни за вработените и за учениците. Тие се вршат во договорени термини во соработка со ЈЗУ- Здравствен дом Демир Хисар. Републички завод за здравствена заштита-одделение Медицина на трудот Битола и училиштето, според плановите за работа на институциите.

Задолжителни систематски прегледи се прегледите за учениците од: I одд, III одд, V одд, VII одд и IX одд., кој опфаќа: мерење на висина и тежина, проверка на вид, проверка на ’рбетниот столб и локомоторниот систем, лабараториски преглед на крв и урина. По извршените прегледи се евидентира состојбата и се даваат препораки за понатамошно специјалистичко проследување (доколку има потреба). Задолжителни стоматолошки прегледи се вршат за учениците од I одд до VI одд, како и залевање на забите, откривање на деформитети и неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забите, запис. Сите добиени резултати, информации, состојби, укажувања се заведуваат во здравствениот картон и се води грижа за тајност и заштита на податоците.

### 16.3. Вакцинирање

Вакцинирањето се врши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта, согласно Правилникот за имунопрофилакса и хемопрофилакса при Министерството за здравство, Државен санитарен и здравствен инспекторат.

- I одд.за учениците со навршени шест год.-ревакцина MRP (морбили, рубеола, паротит)
- II одд и III одд - ревакцина DT Polio (дифтерија ,тетанус) и тестирање манту за ТВС . По добиените резултати од проверката следи вакцина.
- VII одд, вакцини за детска парализа и тетанус по кои следат ревакцини.

Во периодот до 12-13 години следат вакцини (втора и трета доза) од веќе примените , а за девојчињата HPV-хуман папилома вирус-инфекции (две дози во одреден период) за кои се известуваат ученичките и родителите кои ја примиле првата доза.

- IX одд- само девојчињата се ревакцинираат од рубеола, а сите ученици од: детска парализа , дифтерија и тетанус во дози и ревакцина

**18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата**

### 18.4 **Едукација за здрава исхрана**

Свеста за важноста од здравата исхрана како важен фактор за здравјето на учениците се поттикнува преку предавања кои ги организира училиштето, работилници и индивидуални совети за учениците. Се реализираат и активности од кампањата „Здрава храна за детство без мана“.

За вклучување на сите ученици во кампањата предвидени се работилници за изработка на рецепти, презентации, изработување на ликовни и литературни творби на теми за здрава исхрана

Во училиштето нема организирана исхрана и сите активности од овој дел се планирани како едукација и афирмација на здравата храна.

## 19. Училишна клима

### 19.1 Дисциплина

Одговорни за дисциплината во училиштето се сите вработени и учениците согласно етичкиот кодекс на однесување.

На почетокот од учебната година во распоредот на часови се внесуваат и дежурните наставници за секој ден од неделата тие имаат задача да се грижат за дисциплината за време на одморите.

- **Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето**

Во училиштето во доволна мера се води сметна за естетското и функционално уредување на училиштето. по холовите и училниците има голем број паноа, ѕидни весници, изработки од учениците, свежо цвеќе.

Тим за естетско и функционално уредување:

1. Дејан Арсиќ
2. Андријана Петровска

3. Светлана Талевска
4. Неџибе Шерифоска
5. Ленче Грујовска
6. Христијан Трошевски
7. Абибе Изети

| Активности | Време на реализација | Реализатори | Ресурси |
|---|---|---|---|
| Подготовка на план за активности | септември | Наставници ученици Помошно технички кадар | Хартија компјутер принтер |
| Реализација на активностите | Октомври – мај | Наставници ученици Помошно технички кадар | Финансиски средства – 5000 денари |
| Промоција и презентација | Декември ,Јуни | Наставници<br>Ученици, Директор | |

### 19.3 Етички кодекси

Етичките кодекси се во прилог на програмата но во оваа учебна година се планира најмалку едно иновирање во секој кодекс посебно

| | | |
|---|---|---|
| Иновирање на Кодексот за наставници | Наставнички совет<br>Училишен одбор | Прво полугодие |
| Иновирање на Кодексот за родители | Совет на родители | Прво полугодие |
| Иновирање на Кодексот за ученици | Наставнички совет<br>Училишен одбор<br>Совет на родители | Прво полугодие |

**19.4 Односи меѓу сите структури во училиштето**

**Тим за реализација на активности за подобрување и унапредување на односите меѓу сите структури на училиштето:**

**Тоше Мијалков**
**Дејан Арсиќ**
**Дина Крстевска**
**Ленче Грујовска**
**Неџибе Шерифоска**
**Михаела Корлевска**
**Марија Трошевска**

Во училиштето постои конструктивна комуникација помеѓу сите структури (Директор, Училишен одбор, Совет на родители, Ученичка заедница, Стручни активи).Таа комуникција се темели на вистински вредности и принципи кои помагаат за подобрување на училишната клима и односите во него. Одговорните на сите структури го сочинуваат тимот кој ќе се грижи за надминување на евентуалните негативни појави во однос на училишната клима, изготвувајќи предлог мерки за нејзино подобрување. Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, вработените во училиштето, како и досега, ќе остваруваат формални и неформални средби, односно ќе се организираат заеднички прослави, екскурзии, свечености, посети и сл.

| Вид на активност | Задачи | Време | Носители |
|---|---|---|---|
| Состаноци | Разгледување на моменталната состојба и предлог мерки за подобрување | Септември - октомври | Тим |
| Прослави | Ден на училиштето – 23 Декември<br>Нова година – 31 декември<br>Ден на жената – 8 март<br>Ден на шегата – 1 април | Во текот на учебната година | Тим<br>наставници<br>родители<br>ученици |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Полуматурска прослава – 10 јуни | | |

**20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар**

20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

- Анализа на состојбата - јули - август
- Детектирање на потребна обука- јули - август
- План за реализација- септември
- Реализација- ноември
- Дисеминација-декември

20.2. Активности за професионален развој

| Активност | Задачи | Време |
|---|---|---|
| Организирање на обуки | Поготовка на акционен план за обуката<br>Реализација | Септември – јуни, август |
| Дисеминација | Планирање на дисеминација<br>Реализација | По завршување на обуката |
| Изготвување на извештаи | Извештај за секоја обука посебно | По завршување на дисеминацијата |
| Евалуација | Евалуација на обуката и прецизирање на идни приоритети | На крај на учебна година |

20.3. Личен професионален развој

За сопствено лично усовршување наставникот и стручниот соработник прави личен план за професионален развој во однос на зајакнување на своите професионални компетенции, а врз основа на резултатите од интегралната

евалуација, извештаите од посетите од страна на директорот на основното училиште, како и од страна на советниците од Бирото за развој на образованието.

Секој наставник има сопствено наставничко портфолио кое е исполнето со трудови од нивната работа и изработки од од учениците. Стручниот соработник за секој наставник води професионално досие во кое се заведува и следи нивниот професионалниот развој.Секој наставни си прави План за професионален развој во однос на зајакнување на своите професионални компетеции.

Директорот на училиштето го следи професионалниот развој на стручните соработници преку водење на нивното професионално досие.

Со цел личен и професионалеn развој секој наставник континуирано посетува организирани семинари, обуки, презентации, конференции, како и ги следи и почитува сите законски промени во воспитно образовниот процес.

20.4. Хоризонтално учење

Оваа учебна година планирана е обука и низа работилници за примена на електронски медиуми за настава на далечина.

Анализа на употребените платформи во минатата година јуни - јули

Анкета за потребна обука јули - август

Обука за примена на елект.медиуми и дисеминација ноември и мај

Критериуми за успех : Успешно организирана обука,задоволни наставници и ученици од примената на знаењата и вештиноите од обуката.




20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите




21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Училиштето им дава можност на родителите да се вклучат во воспитно-образовниот процес на нивните деца и животот и работата на училиштето преку организирање на редовни и индивидуални родителски средби, отворен ден за прием на родители, вклучување во Советот на родители на ниво на паралелки, одделенија и на ниво на училиште и Училишниот одбор. На родителски средби,

родителите се запознаваат со успехот и поведението на учениците во изминатиот период, со проблемите со кои се соочува секој ученик посебно и се даваат насоки и сугестии за понатамошно подобрување на успехот.

Совет на родители се избира од редот на родителите на учениците кои не се вработени во училиштето. Членовите на Советот на родителите се бираат од страна на родителскиот одбор од секоја паралелка, а тројца од родителите се делегираат како претставници во Училишниот одбор.

Советот на родители:

- Ја следи воспитно-образовната работа во училиштето;
- Дава свои предлози и мислења за унапредување на воспитно-образовниот процес на учениците;
- Дава предлози за надминување на проблемите кои се јавуваат на релација ученици - наставници - родители;
- Зема активно учество во совладување на проблемите кои се јавуваат во развојот и воспитувањето на учениците, а пред се воспречувањето на негативните појави како што се: насилно однесување, алкохолизмот, пушењето, наркоманијата и слично;
- Советот на родители избира свои преставници во Училишниот одбор;
- Учествува во изготвување на правилници и врши и други работи во интерес на успешноста на работата. Советот на родители поради поефикасно организирање и работа, донесува сопствена годишна програма.

| **Вид** | **време** | |
|---|---|---|
| **Родителски средби** | **Континуирано** | **Најмалку 4** |
| **Индивидуални средби** | **Континуирано** | **По барање и потреба** |
| **Совет на родители** | **континуирано** | **По план и програма** |

**Распоред за прием на родители истакнат на Огласната табла на училиштето :**

| **ден** | **време** |
|---|---|
| **понеделник** | **12.00** |

| | |
|---|---|
| **вторник** | **12.00** |
| **среда** | **12.00** |

| **Содржини:** | **време** |
|---|---|
| - Прв училишен ден-прифаќање на училишните обврски<br><br>- Задолжување со бесплатни учебници за тековната учебна година<br><br>- Запознавање со содржините и активностите од Годишната програма | IX |
| - Анализа на успехот и поведението на учениците на крајот од првото тримесечие<br><br>- Редовноста на учениците во текот на првото тримесечие - Давање на увид на евидентните листови | XI |
| - Анализа на постигнатиот успехот и поведението на учениците на крајот од првото полугодие<br><br>- Редовноста на учениците во текот на првото полугодие - Поделба на евидентните листови | I |
| - Анализа на успехот и поведението на учениците на крајот од третото тримесечие<br><br>- Редовноста на учениците во текот на третото тримесечие - Давање на увид на евидентните листови | IV |
| - Анализа на успехот и поведението на учениците на крајот на учебната година | VI |

21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонnаставните активности

Советот на родители, а и родителите на родителските средби учествуваат со свои предлози и иницијативи за воннаставни активности. Информирани се за еколошките акции, општествено-хуманитарните активности и приредбите како непосредни учесници, помагатели и поддржувачи.

Родителите земаат активно учество во проектните активности што се спроведуваат во училиштето како што се активностите во рамките на проектот „ Интеграција “на еколошката едукација во македонскиот образовен систем Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието.

Со свои предлози и лично вложување тие учествуваат во организизација на разновидни средби, прослави забави, хепенинзи, екскурзии и други манифестации. Училиштето поттикнува и неформално дружење помеѓу наставниците, учениците и нивните родители.

На ФБ страната на училиштето редовно се ажурираат податоците за работата и тековните активности кои се одвиваат во училиштето. Таа е достапна за родителите како и за сите заинтересирани лица или институции.

### 21.3. Едукација на родителите/старателите

Во текот на учебната година со организираат стручни едукативни предавања за родителите со цел превенција од насилничко однесување кај учениците, зависности од дрога и алкохол, поттикнување на меѓуетничката толеранција и други современи закани.

По пат на анкети и прашалници училиштето ги испитува ставовите на учениците и родителите во врска со животот и работата на училиштето и ги зема во предвид нивните мислења и сугестии. Се формира Совет на родителите во рамките на паралелката и на училиштето и сеизработуваат програми за реализирање на содржините и активностите. На редовните состаноци на Советот на родители, присутните се информираат за работата на училиштето и се разгледуваат суштински прашања, а на родителите-претставници им е овозможено активно и континуирано партиципирање во донесувањето на одлуки.

Училиштето формира тим за подготовка и реализација на брошура за родители која содржи информации за мисијата, визијата и приоритетите на училиштето за претстојната учебна година, за организацијата на наставата, за материјално-техничката опременост на училиштето, учеството во проекти, натпревари и манифестации, етичкиот кодекс наоднесување и оценување на учениците, правата и обврските научениците и родителите и други потребни информации.

| Активности | Време | Финансиски средства |
|---|---|---|
| Организирање едукативни работилници | Октомври, април | / |
| Организирање обуки | Декември, мај | / |
| Доставување на флаери, брошури, упатства | Септември, јуни | 3000 |

**22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште**

- **Локална заедница** (локална самоуправа, бизнис заедница, месното население)

Училиштето ево секојдневна пишана, електронска или лична комуникација со претставници од локалната самоуправа во вид на состаноци, неформални и формални средби. Наставниците во своите програми конкретно планираат соработка со локалната заедница преку посети на институции и фирми, преку собири, акции и прослави во училиштето. На фејсбук профилот од училиштето и во локалните медиуми се промовираат постигнатите резултати на проекти и сл.

Со општината се соработува и во однос на реализација на еколошката програма.

- **Институции од областа на културата**

Со програмата за натпревари се планираат и се следат објавени конкурси и натпревари на кои се учествува и тоа: литературни и ликовни конкурси, изложби, посета на културно-историски споменици и музеи, поетски читања.

- Дом на култура – Демир Хисар
- Библиотека – Демир Хисар
- Меморијален музеј Смилево
- Спомен куќата на Даме Груев
- Спомен паркот на Даме Груев

- **Институции од областа на образованието**

Училиштето секојдневно соработува и со МОН (консултации и совети, барања, доставувања), БРО (консултации и совети, барања), ДПИ (редовни инспекциски увиди и интегрален увид), Сектор за основно образование како дел од општината (консултаци, совети, барања, доставувања), други основни и средни училишта (презентирање на средните училишта,

известувања за запишани ученици).

- ООУ „Гоце Делчев“ – Демир Хисар
- ООУ „Браќа Миладиновци“ – с.Жван
- СОУ „Крсте Петков Мисирков“ – Демир Хисар

- **Невладини организации**

Училиштето соработува со невладини организации од Општините Битола и Демир Хисар.

- Општинска организација Црвен Крст – Демир Хисар
- Невладина организација Поленка – Демир Хисар
- Општинска организација на Сојуз на борци
- Лица со интелектуална попреченост – Порака – Демир Хисар

- **Спортски друштва**

Во населеното место не постојат вакви друштва, но доколку некое од општината изрази желба за соработа истата дополнително ќе се планира.

- **Здравствени организации**

Поради важноста, училиштето воспоставува и одржува редовна соработка со здравствените организации заради грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените: локалните амбуланти, (систематски прегледи, стоматолози и имунизација), центар за социјални грижи, фондот за здравство, Службата за ментално здравје на деца и младинци во Битола, Комисијата за категоризација, итн.

Осигурувањето на учениците и вработените е на доброволна база.

- **Медиуми** (со цел на промоција на училиштето)

Со цел на промоција, училиштето има свој фејсбук профил на кој редовно се објавуваат настани од секојдневната работа на училиштето се промовира истото ,а ќе соработува и со локални медиуми.

Лице за контакт со медиуми од училиштето е директорот, со задача да да

го претставува училиштето и училишните активности пред јавноста, да организира настани и активности од еколошката програма и нивна промоција пред медиумите и јавноста, да ги координира активностие за известувања, соопштенија и промоција на училиштето.

**23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште**

| Приоритетни подрачја на следење | Начин и време на следењеОдговорно/и лице/а | Кој треба да биде информиран за следење |
|---|---|---|
| Подготовка на програмите и акциските планови | **Тим за подготовка на г програма** | **Директор, УО**<br>**Совет на родители** |
| Следење на реализацијата на акциските планови | **Тим за подготовка на Г програма** | **Директор, УО**<br>**Совет на родители** |
| Следењена постигањата на учениците во наставните и воннаставните активности | **Претседатели на Стручен актив**<br>**Директор** | **Директор, УО**<br>**Совет на родители** |
| Проверка на педагошка евиденција и документација | **Тим за проверка** | **Директор** |
| Следењ е на оценувањето на учениците | **Претседатели на Стручен актив**<br>**Директор** | **Директор**<br>**УО**<br>**Совет на родители** |

# 24.ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧЕНИЧКАТА ЗАЕДНИЦА

Ученичката заедница е составена од одговорен раководител и ученици од сите паралелки во предметна настава, коишто соработуваат со одделенските раководители, директорот на училиштето, психологот, како и со родителите. Заедницата на ученици функционира на ниво на заедница, на ниво на училиште и на ниво на паралелка.

Заедницата на ниво на паралелка соработува со одделенскиот раководител, каде што паралелката избира свое раководство кое што пак заедно со сите претставници од сите паралелки изготвува програма за работа. Целта на оваа заедница е планирање и реализирање на наставните и воннаставните активности во врска со решавање на сите позначајни прашања произлезени од наставата и надвор од неа и унапредување на условите за престој и учење во училиштето. На состаноците на ученичката заедница се разгледуваат прашања и проблеми од секојдневието на учениците, проблеми во наставата, потешкотии во совладување на материјалот, подобрување на успехот, редовноста и поведението на учениците и други тековни актуелни проблеми кои што произлегуваат во и вон училиштето помеѓу учениците, кои што се евидентираат во записничката книга на заедницата. Ученичката заедница се вклучува во подготовка на квизови, натпревари, работилници и активности за организирано користење на слободното време. Претставниците на ученичката заедница од сите паралелки реализираат редовни средби со директорот,психологот, и одговорните наставници, на кои што се разгледуваат сите видови прашања што ги засегаат учениците. Во соработка со родителите, директорот психологот, ученичката заедница организира хуманитарни продажни акции, собирни акции за помош на социјално загрозените ученици и активности запомош на децата со посебни потреби.

| Содржина | Цели | Реализатор | Форми | Време | Ресурси | Очекувани ефекти | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Организирање избори и формирање | Да се запознаат членовите на | Одговорни наставници | групна | Септември и октомври 2022 | Хартија, Избирачки списоци | Распределба на активностите на | Присуство на претставници |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| на претседателство на организацијата | училишната заедница со подрачјата на работа на училишната заедница | Ученици Психолог | | | Записник Програма | претставниците од сите паралелки | од сите паралелки, избрани членови во комисии |
| Разгледување на програмата за работа | Да се запознаат членовите на училишната заедница со програмата за работа | Одговорни наставници, ученици Психолог | Група | Септември и октомври 2022 | Записници програма | Усвојување и дополнување на програмата | Усвоена програма |
| Разгледување на правилникот за педагошки мерки | Да се вклучат учениците во дефинирањето на критериумите за педагошки | Ученици и одговорни наставници Психолог | група | Ноември и декември 2022 | Хартија компјутер и записник | Правилник изготвен по мерка на учениците | Записничка книга на училишната заедница, изготвен правилник |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мерки | | | | | | |
| Организирање на новогодишна забава за учениците | Меѓусебно дружење на учениците и поттикнување на позитивни чуства | Ученици и одговорни и наставници и Псохолог | групна | Ноември и Декември 2022 | Хартија украси и озвучување | Забава на учениците и меѓусебно дружење | Записничка книга на училишна заедница и фотографии |
| Изработка на маски по повод ,,Ден на шегата'' <br><br> Избор на најубава маска по повод ,,Ден на шегата'' | Да се поттикне и развие чуството за креативност и естетика <br><br> Да се даде до знаење дека трудот и оригиналноста на учениците се наградуваа | Ученици одговорни и наставници и Психолог <br><br> Ученици одговорни и наставници и психолог | Група на <br><br> Група на | Март и април 2023 <br><br> Март и Април 2023 | Хартија и фотоапарат <br><br> Хартија и фотоапарат | Развивање на способност за индивидуална работа <br><br> Презентирање на најубава маска | Записничка книга на училишна заедница, фотографии, избрана најубава честитка <br><br> Гласачки ливчиња |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Подготовка за одбележување на Смилевскиот конгрес | т. Да се запознаат учениците со значењето на Смилевскиот конгрес | Ученици Одговорни наставници и психолог | Група | Мај 2023 | Фотоапарат | Успешна реализација на одбележувањето на Смилевскиот конгрес | Фотографии |
| Изготвување на извештај за работата на Училишната заедница, предлози за следната година | Да се разгледаат сите активности на училишната заедница | Ученици Одговорни наставници и Психолог | Група | Јуни 2023 | Хартија и компјутер | Запознавање на училиштето со работата на училишната заедница | Годишен извештај за работата на училиштето, записничка книга |

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

| Активност | Носители | Начин | инструменти | резултати | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|---|
| Евалуација | Директор, психолог, стручни служби | Анализа и евалуација на спроведените активности предвидени со програмите и акциските планови / полугодишни и годишни извештаи | извештаи анализи | навремено ефикасно и целосно реализирање на планираните активности | Директо стручни соработници |

## 25. Заклучок

Училиштето работи како воспитно – образовна институција од 1946 година со Решение добиено од Собрание на општина Демир Хисар и утврден е реонот на опфат на ученици, со што училиштето ги опфаќа населените места Смилево и Обедник.
ОУ „Даме Груев" централно училиште со седиште во село Смилево располага со две училишни згради во с. Смилево и една во подрачното во село Обедник.
Според податоците од матичната евиденција со која располата ова училиште, во новоизградената прва зграда која исклучиво била намената за изведување настава, (дотогаш наставата се изведувала во селската црква), учебната година започнала во 1928/29 година. Бројот на учениците во таа година изнесувал 104. Со текот на годините се воочува виден пасд на бројот на ученици заради масовната миграција на населените во околните градови и надвор од границите на Република Северна Македонија.. Новата зграда е изградена во 1984 година, а подрачното училиште во село Обедник е изградено во 1948 година.
Во текот на изминатиот период училиштето во голем дел е реновирано, а и целосно реконструирана спортска сала во централното училиште.
Реновиран е покривот во централното училиште, санирани сите ѕидови по училниците и канцелариите, променета стара дрвена дограма со нова пвц дограма, поставен нов под во дел од подрачното училиште и помали други зафати со цел подобрување на условите за работа во училиштето.
Годишната програма е направена врз основа на Развојната програма и заклучоците и предлог мерките од Годишниот Извештај за работа на училиштето за учебната 2023/2024година.

## 26.Комисија за изработка на Годишната програма за работа на основното училиште

**Мирјана Кондинска - директор**
**Марија Велевска – стручен соработник**
**Билјана Митревска – стручен соработник**
**Дина Крстевска – одделенски наставник**
**Ѓерѓи Андон – одделенски наставник**
**Магдалена Стојановска – предметен наставник**
**Тоше Мијалков – предметен наставник**
**Абибе Изети – ученички парламент**
**Мартин Милошевски – ученички парламент**

## 27.Користена литература

Законот за основно образование, Закон за работни односи, Закон за јавни набавки, Закон за организација и работа на органите на државната управа и други закони

(Законите се достапни на следните веб страни: www.pravo.org.mk ; www.eduligje.mk; www.eduzakoni.mk; www.slvesnik.com.mk )

Под- законски и интерни акти (Статут, етички кодекс, деловници за работа на органите итн.), правилници (Правилник за работа на комисии, правилник за дежурства на наставници, правилник за работно време итн.)

Наставните планови и програми (http://www.bro.gov.mk/?q=osnovno-obrazovanie)

Концепција за деветгодишно образование
Статут на училиште
Програма за развојна училиштето
Програмата за работа на училиштето од претходната година

Извештаи (Годишен извештај на училиштето од претходната учебна година, извештаи од интегрална евалвација, од самоевалвација, програма за развој, извештај од екстерно оценување, извештаи за финасиското работење на училиштето, записници

**Потпис на директор**

_______________________

**/Мирјана Кондинска/**

**Потпис на Претседател на Училишен Одбор**

_______________________

**/ Марија Трошевска/**

**Деловоден број: 01-80/1 од 09.08.2024 година**

**ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

**-**Годишна програма за работа на: директор, помошник директор, сите стручни соработници одделно, училиштен одбор, совет на родители, наставнички совет, стручни активи, одделенски совети, училиштен инклузивен тим, ангажираните образовни медијатори, тутори, хор и оркестар, заедница на паралелката, ученички парламент, ученички правобранител.

-Распоред на часови

-Акциони планови за реализација на сите проекти во училиштето и акциски истражувања

-Програми за воннаставни активности

-Програма за додатна настава

-Програма за дополнителна настава

-Програми за вонучилишни активности

- Програма за реализација на ученички натпревари

-Програма за унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

- Проекти што се реализираат во основното училиште

-План за поддршка на учениците и за подобрување на резултатите

-План за професионална ориентација на учениците

-План за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

-План за следење и анализа на состојбите со оценувањето

-План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

-Програма за самоевалуација на училиштето

-Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди

- Распоред на дежурни наставници

- План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето

- Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор)

-Програма за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

- Програма за соработка на основното училиште со родителите/старателите

-Програма за соработка со локална средина и локална заедница

-Програма за грижа за здравјето на учениците

-Програма за јавна и културна дејност на училиштето

-Програма за следење и евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

- Програма за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта;

- Програма „Млади Библиотекари“